# МИХАИЛ МАНЕВСКИ



ЗАВОД И МУЗЕЈ
ОХРИД
ГАЛЕРИЈА УРАНИЈА
22-31-VII-94

## СУПТИЛНИ РЕМИНИСЦЕНЦИИ

Сликарството на Михаил Маневски (1946) го познаваме по неговите три видови. Најмногу, можеби , оној дел со кој што е најприсутен : слики во кои обработува Охридски предели во манир на експресивен потег и боја . Врската со визуелниот мотив е задржана во извесна смисла , меѓутоа никогаш како директна миметичност и дескрипција. Треба да се знае, меѓутоа , дека првите постакадемски истражувања на Маневски се движеле во друга насока. Имено сликите изработени во еден одреден период (од 1978 год) имаат белези на симболично сликарство , во кое се препознава рефлекс на еден историски оформен модел. Тие дела се одликуваат со нагласена свест за избор на тема и за форма . Применет е еден карактеристичен начин на издвојување на човечката фигура со техника сродна на постимпресионистичко моделирање на формата.

Идеализираните женски ликови го нагласуваат стремежот кон нестварното , имагинарното и убавото со задржана еротичност со извиени линии и јадри форми. Тоа се први посериозни обиди за навлегување во еден вид "Декоративна , асоцијативна симболичност " чија содржина е идеалот на убавината и иреалното.

Поновата, третата фаза во работата на Михаил Маневски е на некој начин синтетизирање на првите настојувања и новите сознанија. Тоа значи доближување до "класичната убавина" со реминисценции на теми од класичната уметност и пристап кој е близок на фотографскиот начин на кадрирање и вообличување. Особено внимание привлекуваат цртежите со нивната суптилност и фрагментарно поврзување на разни "секвенци" во што ја потврдува сродноста со денешниот начин на доживување на ликовното претставување. Линијата која е самостојна вредност се појавува во нежни , густи проткајувања со разновидни меки преливи на светлината и сенките. Творечката ангажираност на Маневски почнува да се развива денес во една поинаква насока: кон создавање слики на "слободни форми" со топли и хармонични колористички и тонски созвучја со извесни асоцијативни содржини. На тој начин се отвора простор за ликовни истражувања и продлабочување на уметничкиот израз.

Поетските творби на Маневски можеби најдобро ја отсликуваат неговата природа: романтична , копнежлива потрага по недостижното и убавината.

**ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ**

СЕКОЈА ГОЛЕМА УМЕТНОСТ Е ОНАА, КОЈА ПРЕТСТАВУВА ОТПОР ПРОТИВ ИМИТАЦИЈАТА, И КОЈА ИСТОВРЕМЕНО Е СПРЕМНА ДА ГИ ИЗРАЗУВА НАЈВИСОКИТЕ ИДЕАЛИ И ЧУВСТВА.

**ЏОН РАСКИН 1819-1900**

## СЕРИОЗНОСТ,ЛИРИКА,ЛЕБДЕЕЊЕ, МЕЧТАЕЊЕ,МЕЛАНХОЛИЈА

Првиот превод на сликите од Михаил се овие пет збора. Од бесконечноста на просторот, во еден сложен распоред, извираат немирните контури со нежен и невин израз. Лебдеат во тие сфери без длабочина, која е намерно избегната , со поетична интонација, брановит ритам и пригушен тоналитет.

Меланхоличните девојки, со својата чистина се ослободени од секаква страст , чулност, сензуалност. Таинствените вибрации и прозрачноста им дава нестварна убавина и ги лишува од секаква трага на груба сексипилност Лирската пасивност , мечтаењето, занесот и тажната сериозност, всушност е романтична соната преточена во слика.

Со интелектуалната контемплација и вродениот естетизам уметникот не води кон именката "УБАВО" кон нешто натприродно , недофатен идеал. Едноставно , негира дека сликарството е објективно прикажување на природата и тежиштето го става во експресивната линија, која ја води до највисок степен на сензибилитет, со антинатуралистички потег, од кој се создадени призрачните фигури. Суптилниот колорит е сфуматично третиран во сите нијанси , а композицијата , централна и силна , не дозволува никакво расплинување и наративност.

И на крај , со висок професионален пристап кон создавањето, докажува дека сликарството , како еден голем сегмент на уметноста , сеуште ја има ренесансната издржливост и жилавост.

**НИКОЛА НИКОЛОСКИ**

## ЕДИНСТВЕНА

. . . Тие беа малограѓани , стоеја вечно пред портите на правливата улица и блуваа одвратни фалби.
Само ти молчеше, ретко се појавуваше и брзо исчезнуваше по својот пат.
Само ти грациозно чекореше и скоро воопшто не ја допираше правта на улицата.
Само ти зрачеше со својата сопствена светлина.
Само ти носеше бела прозрачна облека.
Само ти носеше радост.
Само ти носеше мечта.
Само ти носеше бол.
Само ти пожелна.
Само ти недостижна.
Само ти . . .

## ПРИЈАТЕЛСТВО

Во глува темна ноќ
на далек тргнувам пат
по стрмен грамаден рид
на ридот мрачна шума
низ шумата друм
на друмот светлост
во светлоста - пријател.

## НЕИЗБЕЖНА

Утрово тие доаѓаат
те доведуваат и тебе , малечка , привлечна, убава.

Тие воопшто не остануваат
те оставаат кај мене и рамнодушно си заминуваат.

Те гледам . . .
Длабоко на нешто потсетуваш
Потсетуваш на некое минато, иако за прв пат те сретнувам
Потсетуваш на нешто одамна , силно доживеано.

Не знам која си
Не знам ни зошто си овде
Дали си им сестра или си блудница , тие ништо не рекоа
Те оставија само кај мене и едноставно си заминаа.

Излегувам
Треба да ја вршам мојата работа
Излегуваш и ти со мене
Одиш некаде , не кажуваш каде.

На пладне помислувам , на тебе
Одам на местото каде што мислам дека ќе те сретнам
Пред мостот тие ме пречекуваат
велат дека на местото каде што одам
ти желно ме очекуваш.

МИХАИЛ МАНЕВСКИ



# МИХАИЛ ХРИСТО МАНЕВСКИ

Се родил во Битола во 1946 година.

Во Битола го поминал поголемиот дел од детството и младоста каде и го завршил основното училиште.

Во Дубровник поминал еден дел од своето рано детство од каде ги понел и своите први сеќавања од животот.

Во Скопје, го завршил училиштето за применета уметност, каде ги добил и своите први сознанија за уметноста.

Во Софија претстојувал две години, каде студирал на Художествената академија "Николај Павлович"

Во Париз претстојувал уште две години, каде го усовршувал своето ликовно знаење.

Во Охрид се вработил како ликовен уметник, каде до денес останал да работи и живее.

The creative engagement of Manevski today is developing in a new direction: Towards creating " free form" paintings with warm and harmonious , colourfull and tone accords with certain associative contens. In such a way he opens space for research of fine arts and deepening the artistic expression.

**VLADIMIR VELIČKOVSKI**

With his intelectual contemplation and the in-born aesthetism, the artist takes us to the word "Beautifull", to something supernatural , to an inaccessible ideal. He simply denies that painting is a true presentation of nature and emphasizes the expressive line , taking it to the highest level of sensibility, with an antinatural move which creates the visioned shapes . The subtle colours are sfumato treated in all nuances , and the composition , centrally focused and strong , does not allow scattering and narrativity.

**NIKOLA NIKOLOSKI**


**СПОНЗОР**

П.П.С.У. **"ЦИП"** - Охрид

ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОМЕТ СО СТОКИ И УСЛУГИ
УВОЗ-ИЗВОЗ

Тел. дирекција (096) 24-432, 35-981,36-913
хотел 38-352 факс 35-981 фри-шоп66-839


Juli '1994 god. Printed by "*INFOTEH*" Ohrid Macedonia